ЛЕВИЦА

ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ
2025

# НАРОДОТ СЕГА!

## ИЗБОРНА ПРОГРАМА ЗА КИСЕЛА ВОДА

6

# ЛЕВИЦА

## ЗА КИСЕЛА ВОДА

# 6

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

- Пренамена на објектот кој во минатото беше поликлиника на ул. „Христо Татарчев" во дневен центар за лица со посебни потреби.
- Изградба на нов градски парк во Расадник со велосипедски патеки, трим стази, посебен дел за деца и лица со посебни потреби и угостителски објекти.
- Изградба на социјални станови.
- Нова Противпожарна служба во Кисела Вода.
- Осовременување на возниот парк на Противпожарна служба во населба Драчево.
- Реконструкција и проширување на капацитетите на поликлиника Драчево.
- Дислокација на Домот за зависници и негова пренамена во пензионерски дом.
- Отворање на компостара за органски отпад во населба Драчево со интегриран систем за собирање на отпадот од домови, кафулиња, пабови, ресторани, земјоделци со што компостот (ѓубривото) би се вратил кај земјоделците од општината.
- Изградба на пешачки премини под пругата која ги дели Кисела Вода и Аеродром и нејзино урбано оплеменување.



- Изградба на мали и функционални кружни текови за забрзување на сообраќајот.
- Замена на дотрајаните цевки за вода и канализација како и раздвојување на фекалната од атмосферската канализација при санација на секоја улица.
- Изградба на водоводна и канализациона мрежа таму каде што ја нема.
- Наводнување на сите зелени површини преку бунарски систем со автоматизиран систем за наводнување.
- Изработка на физибилити студија за просторот на фабриката „Охис" за рационална употреба на просторот во првата година од мандатот.
- Поставување на термоизолациони фасади и ПВЦ прозорци на сите јавни институции.
- Поставување на термоизолациони фасади на сите стари згради и субвенции за замена на кровни површини.



- Инсталација на соларни панели на јавните објекти.
- Субвенции за фотоволтаици за колективни згради и домаќинства.
- Реконструкција на спортската сала во Драчево и враќање во владение на општината.

# ЛЕВИЦА ЗА СОЦИЈАЛАТА

- Социјална грижа за децата без родители, децата без родителска грижа, децата од дисфункционални семејства, децата со воспитно-социјални проблеми.
- Бесплатни градинки за секое дете од социјално загрозени семејства.
- Бесплатни курсеви за странски јазици и компјутери за децата од социјално загрозени семејства.
- Отворање народни кујни.
- Воведување посебен интервентен Фонд за болни лица и социјално загрозени семејства.
- Континуирани обуки за преквалификација и докфалификација на невработените лица.
- Поддршка на самохрани родители.
- Згрижување и домување на лицата со социјален ризик и на бездомници.
- Програма за поддршка на самохрани родители преку работилници за зголемување на нивните вештини и нивно самовработување.
- Бесплатно членство во спортски клубови за деца и младинци од социјално загрозени семејства.
- Шелтер центар за жртви за семејно насилство.
- Поставување на соодветна пешачка трака за полесно движење на слепите лица.
- Обезбедување лица за придружба на децата кои посетуваат настава во основните училишта и обезбедување други бенифиции за родителите кои имаат деца со попреченост.
- Програми за вработување и самовработување на лицата со попреченост.
- Отворање на сензорни соби во секое училиште.
- Волонтерски сервис за помош при достава на храна и лекови за хендикепирани и беспомошни лица.
- Обезбедување пристапност на сите главни улици (симнување од тротоар на улица, скали, пешачки премини) за лица со инвалидски колички и обезбедување на пристап во секоја јавна установа, банки, здраствени домови, училишта, спортски сали, библиотеки, паркови...

# ЛЕВИЦА ЗА ДЕЦАТА И МЛАДИТЕ:

- Воведување на двосменско работење на градинките – од 8:00 до 20:00 ч.
- Стимулирање на млади претприемачи за започнување свој бизнис.
- Поддршка на проекти од неформални младински иницијативи за урбано културно живеење.
- Бесплатни курсеви за странски јазици и компјутери за децата од посиромашни семејства .
- Зголемување на книжевниот фонд во библиотеката „Браќа Миладиновци" во населба Драчево и имплементирање програма за изучување на историјата на Македонија и македонскиот народ преку проекции на филмови и предавања.
- Отворање на МКЦ – Младински културен центар на кој би бил своевиден алтернативен ресурсен центар, т.е. „инкубатор" на младите кул-

турни дејци (со мултимедијален и функционален простор за „гаражни бендови", танчери, стрип цртачи, уметници, сликари, вајари, ракотворци и други креативци).

- Отворање на АКСЦ – Автономни културно-социјални центри, преку пренамена на напуштените објекти во општинска сопственост, со можност за конференциски простор, кафе-книжарници, дизајнерски продавници, мултимедијални простори, функционално приспособени за бендови, играчи, глумци, стрип цртачи, сликари, вајари, цртачи на графити, ракотворци каде младите ќе можат да ја искажат својата креативност.
- Отстапување на јавни површини за облеменување со графити и уметнички цртежи.
- Поддршка и промоција на културно-забавната манифестација културно лето „Три Круши", манифестацијата „Ден на музиката на Шопен" и патрониот празник на Општина Кисела Вода.
- Поддршка и промоција на локалните музички бендови преку настапи со натпреварувачки карактер со награден фонд.
- Стипендии за талентираните ученици од основните и средните училишта.
- Бесплатен оброк за сите ученици во основните училишта.
- Изградба и обележување на велосипедски патеки низ улиците кои се под ингеренција на општината и тековно одржување на инфраструктурата (вело-ленти, слеани рабници, поставување столпчиња, вертикална и хоризонтална сигнализација и отстранување на физичките пречки за непрекинато возење велосипед).
- Изградба на паркинзи за велосипеди пред јавните институции, станбените и деловните објекти.
- Поттикнување на велосипедскиот сообраќај („рент-а-бајк" систем на попатни станици за изнајмување велосипеди, поставување сервисни пунктови, субвенции за набавка на нов велосипед).
- Уредување на рекреативни патеки.
- Опремување на училишните спортски сали со нови и современи спортски реквизити.
- Опремување на училниците со смарт табли.
- Соработка со младински извиднички организации во основните училишта.
- Стопирање на сите сомнителни проекти за работа со деца изведувани од страна на здруженија на граѓани во училиштата.
- Субвенции за докторати на жители од општината.
- Техничко опремување на основните училиштата и лабораториите со најмодерни помагала, реквизити, апарати и машини за практично учење и дигитално образование.
- Зголемување на библиотечниот фонд во училишните библиотеки.

# ЛЕВИЦА ЗА ЕКОЛОГИЈА И ЗДРАВ ЖИВОТ ВО НАСЕЛБАТА

- Еко полиција - редовни патроли со користење на дронови со цел полесно откривање на потенцијални загадувачи.
- Формирање на тимови за одржување на зелени површини и паркови.
- Зајакнување на општински комунални инспекциски служби и давање на поголеми ингеренции за првична опомена, а последователно и казнување за: Несоодветно фрлање на отпад, фрлање цебен отпад, несобирање смет од миленичиња, фрлање шут, горење несоодветен материјал за загревање на домовите, горење отпад по дворовите и сл.
- Задолжително зазеленување на просторот околу зградите со високостеблести садници, од страна на инвеститорот.
- Зголемување на фрекфенцијата на автобуските линии и поврзување со општина Аеродром како и усогласување на возниот ред со динамиката и потребите на населението, со цел намалена употреба на сопствени возила.
- Субвенции за електрични тротинети.
- Субвенции за велосипеди.
- Поставување на подземни контејнери со сензори.
- Собирање кабаст отпад , шут и електронски отпад од домот.
- Поставување на нова комунална опрема за собирање на цебен отпад на секои 100 метра долж тротоарите и пешачките патеки, парковите, училиштата, јавните установи.
- Зајакнување на капацитетите за одржување на чистотата со зголемување на бројот на ангажирани лица, со предност за невработени, социјални случаи и волонтери, во соработка со општински центар за труд и социјална политика.
- Отворена телефонска линија за пријавување загадување и диви депонии.
- Изградба на јавни тоалети на фреквентните места во општината и нивно одржување.
- Секојдневно чистење и миење на улиците.
- Прикажување на резултатите на мерните станици за квалитет на воздух во реално време на веб страната на Кисела Вода, како и на голем панел кај Стара рампа и на информативни табли на повеќе места низ општината.
- Бесплатни инвертер клими за социјално загрозени семејства.
- Задолжително вградување на филтри и зголемена контрола над економските субјекти.
- Поставување на вендинг машини за обработка на пластика, лименки и стакло под ингеренција на ЈКП Кисела Вода.
- Поставување на контејнери за селектирање на отпад.
- Акции за чистење на излетничките места.
- Чистење на дивите депонии.
- Граѓански позорникарски и еду-

# ЛЕВИЦА ЗА ЕКОЛОГИЈА И ЗДРАВ ЖИВОТ ВО НАСЕЛБАТА

кативни Еко-патроли составени од млади волонтери (екологисти, зелени активисти, извидници и сл.)

- Планско пошумување на околните ридови.
- Оплеменување на сите зелени површини со клупи и канти за цебен отпад.
- Зголемени полициски патроли и санкционирање на несовесните граѓани кои ја кршат урбаната опрема во парковите и детските катчиња.
- Рамномерно оплеменување на запуштените јавни зелени површини во секој дел од општината.
- Изградба на паркови за миленици.
- Воведување на зелен катастер.
- Изградба на нови паркови.
- Наводнување на сите зелени површини преку бунари со автоматизиран систем за наводнување.
- Изработка на експертска студија за главните причинители на загадувањето на водите, почвата и воздухот.
- Екипирање на инспекциските служби за животна средина и урбанизам.
- Инсталација на соларни панели на јавните објекти.
- Субвенции за фотоволтаици на колективни згради и домаќинства.
- Редовно чистење на каналите и речните корита од нанесениот цврст отпад.



# ЛЕВИЦА ПРОТИВ УРБАНАТА МАФИЈА

- Спречување на манипулациите со градежното неизградено земјиште.
- Забрана за издавање под концесии на јавни објекти изградени по пат на самопридонес или со средства од јавните фондови.
- Ревизија на сите ДУП-ови во последните 20 години.
- Забрана на приватни субјекти за изработка на ДУП-ови од А класа. Изработката на ДУП-ови да ја прави општината.
- Забрана за продажба на државно/општинско земјиште.
- Експропријација на објектите во заштитените области.
- Планирање и хуманизација на просторот во консултација со граѓаните преку јавен повик.
- Ревизија на сите легализации на диноградби, за кои има сомневање дека се изградени со фалсификувани документи и по истек на крајниот рок.
- Екипирање и зголемување на општинскиот градежен инспекторат.
- Рамономерен инфраструктурен развој.
- Презентации и јавни расправи за Деталните урбанистички планови да се одржуваат надвор од работното време и нивно објавување во јавни гласила.
- Нулта толеранција кон изигрувањето на законите и злоупотребата на моќта и надлежностите на општинските функционери, особено при: Располагањето со општинските пари, склучувањето на тендерите, промената на деталните урбанистички планови и сл.
- Санкционирање на инспекторите заради неизвршување на нивните надлежности.
- Донесување на Детален урбанистички план за село Драчево.

# ЛЕВИЦА ЗА ПАРКИНГ ПРОСТОРИ

- Некомерцијализација на јавниот паркинг простор.
- Субвенции за оспособување на дворовите за паркинг место со цел ослободување на тротоарите.
- Изградба на паркинг простор во близина на градинките, пазарите и угостителските објекти, со цел да се избегне блокирањето на улиците.
- Изградба на општински катни гаражи на повеќе локации:

  - Кај поранешна „Славија",
  - Спроти студентски дом „Пелагонија",
  - Паркингот во населба Драчево и на други локации,
  - Позади зградата „Пегла" кај Рампа,
- Монтажни паркинг места позади ОУ „Кузман Јосифовски Питу", Расадник и секаде каде што има услови за изградба на монтажни паркинзи.
- Редовно отстранување на хаварисани возила од градските улици и паркинзи.
- Обврска на инвеститорите при секое издавање на одобрение на градба да обезбедат соодветен број на паркинг места спрема бројот на стамбени единици.

# ЛЕВИЦА ЗА ЈАВНИОТ ПРЕВОЗ

- Утврдување на состојбата на патиштата и покриеноста со јавен превоз во периферните делови на општината.
- Зголемување на фрекфенцијата на автобуските линии и усогласување на возниот ред со динамиката и потребите на населението.
- Поврзување со општина Аеродром со нови автобуски линии.
- Формрање на собирен центар кај ОХИС за населените места Зелениково, Долно Лисиче, Студеничани, Количани, Патишка Река, Дражилово, Цветово, Батинци, а од тука со експрес автобуси патниците ќе се превозуваат до Транспортен центар со што ќе се скрати времето на патување и истото да се вклопи во ЈПГП на град Скопје.
- Нови автобуски линии.

# ЛЕВИЦА ЗА УРБАНИЗАМ

- Изработка на подземен катастар на инсталации за вода, струја, телекомуникации, топлинска енергија со прибирање на проектната докуменатција од сите изведувачи кои граделе во општината од 1990 година до денес.
- Поставување на термоизолациони фасади и ПВЦ прозорци на сите јавни институции, како и инсталација на соларни панели на јавните објекти.
- Субвенции на фотоволтаици за социјално загрозени семејства.
- Субвенции за поправка на фасади и кровни површини на стари згради.
- Реновирање и тековно одржување на училиштата и градинките (кровови, училници, ходници, врати, прозори, санитарни јазли во училишните згради).
- Ослободување на узурпираните тротоари и јавни површини од нелегално поставените тенди, маси и столчиња на околните кафулиња.
- Заштита од ноќна бучава и нарушување на спокојот на соседството од гласна музика од локалите, кафулињата и ресторантите.
- Заштита на граѓаните од гласни машини, мотори, автомобили во доцните вечерни часови со поголема сообраќајна контрола.
- Забрана за прекумерната бучава од верски објекти преку ограничување на гласноста која доаѓа од нив.



# ЛЕВИЦА ЗА БЕЗБЕДНОСТА

- Успорување на моторизираниот сообраќај во населените места преку инфраструктурни решенија („легнати полицајци“, стеснување на коловозните ленти, ограничување на брзината и креирање на „зони 30 km/h“).
- Поставување на сообраќајна сигнализација и ограда кај сите основни училишта и детски градинки
- Воведување на позорникарска служба во корелација со МВР за поголема безбедност.
- Пренамена на некои улици со еднонасочен режим на сообраќај.
- Редовно одржување на коловозите.
- Одржување на хоризонталната и вертикалната сообраќајната сигнализација.
- Изградба на потпорни ѕидови на улиците каде што е неопходно.
- Редовно одржување и чистење на атмосферската и фекална канализација.
- Поставување хидранти до јавните објекти.
- Ставање во функција на скривниците изградени во време на СФРЈ.
- Организирање превентивни обуки за заштита и спасување на луѓето и имотот.
- Изведување координирани показни вежби за природни непогоди и други несреќи од поголеми размери.

# ЛЕВИЦА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА



- Изградба на спортско игралиште во населбите Усје и Црниче.
- Изградба и одржување на постоечката спортска инфраструктура и финансиска поддршка на спортските клубови.
- Организирање маалски лиги во разни спортови со наградни фондови поддржани од општината.
- Поставување на спортски реквизити на јавни површини.
- Поставување на фиксни пинг понг маси во парковите.
- Организирање на друштвени игри (шах, табла, домино, пинг понг) во домот за култура Биљана Беличанец.
- Изградба на скејт-парк, зип-лајн и детски игралишта со забавни и рекреативни содржини.

# ЛЕВИЦА ЗА ЈАВНОТО ЗДРАВЈЕ

- Едукација и превентивни активности за заштита и здравје при работа.
- Помош на пациенти со специјални потреби (ментално здравје, зависности, злоупотреби на деца и сл.)
- Организација на мобилни медицински екипи за редовни скрининзи и прегледи.
- Едукативни кампањи за превенција од кардиоваскуларни заболувања, дијабетис и др.
- Едукација и обука на наставниот кадар во предучилишните и во основните училишта за благовремено откривање на семејно насилство и булинг.

# ФУНКЦИОНАЛНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ОПШТИНАТА

- Организирање локални референдуми, иницијативи и граѓански собири како алатка за планирање на развојот на општината.
- Функционалност на месните самоуправи како систем за граѓанска партиципација за актуелизирање на секојдневните проблеми.
- Зголемување на транспарентноста и овозможување јавен увид во трошењето на финансиите во општината.
- Отворен ден за граѓански идеи.
- Отворени денови на градоначалникот и советниците.
- Задолжителен пренос во живо (лајвстрим) на седниците на советот на општината, реализиран од општината и поставување на платформа со цел граѓаните да ја следат.
- Департизација на работните места во општинската администрација и враќање на критериумите на стручност, компетентност и професионални квалификации.
- Бирање, преку јавни огласи за вработување на најквалитетните пријавени кандидати на конкурсите за вработување.
- Елиминација на непотизмот и партиските врски при вработување и напредување во кариерата.
- Целосно почитување на работничките права на вработените во институциите под надлежност на локалната самоуправа.
- Непречено синдикално организирање во јавната администрација на локално ниво.
- Поставување на кадри со соодветна стручна спрема за членови на управните и надзорните одбори во јавните комунални претпријатија.
- Презентации и јавни расправи за Деталните урбанистички планови да се одржуваат  надвор од работното време и нивно објавување во јавни гласила.
- Соработка со ЗЕЛС и со соседните општини.
- Соработка со граѓанските здруженија

и користење на експертска помош од областите во кои тие дејствуваат.

- Обуки за надоградување на вештините и знаењата на локалните инспектори во сите сектори.
- Санкционирање на инспекторите заради неизвршување на нивните надлежности.

# ПОМОШ НА ЛОКАЛНОТО ЗЕМЈОДЕЛСТВО



- Овозможување бесплатни консултации на земјоделците со агрономи, ветеринари и други стручни лица.
- Субвенции за земјоделците кои произведуваат органска храна.
- Субвенции за изградба на стакленици на земјоделски површини.
- Субвенции за ископ на бунарски системи за наводнување во земјоделските површини со цел заштеда на питка водата и зголемување на приносите.

# ЛЕВИЦА ЗА ДОМАШНИТЕ МИЛЕНИЧИЊА

- Казни за сторителите за нехумано однесување спрема уличните животни.
- Зголемена соработка со ЈП Лајка заради доследно спроведување на програмата „Залови-стерилизирај-вакцинирај-врати“.
- Изградба на паркови за кучиња опремени со сите потребни реквизити.
- Изградба на стационар за бездомни животни.

# ПРОЕКТИ ЗА СЕКОЈА НАСЕЛБА / НАСЕЛЕНО МЕСТО

## • УЗ Цветан Димов •

- Редовно сервисирање на дефектите за јавно осветлување и изведба на систем за улично осветлување на соларна енергија.
- Измена на постојниот режим на сообраќај на улицата Дренак од двонасочен во еднонасочен во правец кон улицата Антон Попов.
- Измена на постојниот режим на сообраќај на улицата Невана Гергиева Дуња од двонасочен во еднонасочен во правец кон булеварот Македонија.
- Измена на постојниот режим на сообраќај на улицата Виктор Иго од двонасочен во еднонасочен во правец кон улицата Антон Попов, реконструкција и поставување атмосферска канализација.
- Измена на постојниот режим на сообраќај на улицата Драга Стојанова од двонасочен во еднонасочен правец од улицата Дренак кон улицата Виктор Иго.
- Измена на постојниот режим на сообраќај на улицата Балзак од двонасочен во еднонасочен во правец од улицата Виктор Иго кон улицата Дренак.
- Поврзување на улицата Марко Цепенков со улицата Емил Зола.
- Поврзување на кракот на улицата Киро Крстевски со улица Боте Боцевски и нивна реконструкција.
- Измена на постојниот режим на сообраќај на улицата Дичо Петров од двонасочен во еднонасочен во правец од улицата Георги Димитров кон улицата Мишко Михајловски .
- Измена на постојниот режим на сообраќај на улицата Доситеј Обрадовиќ од двонасочен во еднонасочен во правец кон улицата Дичо Петров.
- Измена на постојниот режим на сообраќај на улицата Боте Боцевски од двонасочен во еднонасочен во правец од улицата Доситеј Обрадовиќ кон улицата Тоне Томшиќ .
- Измена на постојниот режим на сообраќај на улицата Мишко Михајловски од двонасочен во еднонасочен во правец од улицата Тоне Томшиќ кон улицата Доситеј Обрадовиќ.
- Реконструкција на крак од улицата Божидар Аџија кон улицата Димо Хаџи Димов.
- Реконструкција на улицата Георги Димитров од пресекот со улицата Вера Јоциќ со Божидар Аџија.
- Изградба на монтажна катна гаража кај гаражите на улица Вера Јоциќ во близина на улицата Народни Херои или пред студентскиот дом Пелагонија.
- Засадување на дрва покрај зградите за домување и улиците.
- Поврзување на зградите за домување со централно гасно затоплување.
- Санација на детските катчиња за рекреација кај економското, Комерцијална банка, Пушкин и Американското игралиште.
- Одржување на хигиена и редовно чистење на улиците и тротоарите.
- Ослободување на тротоарите за непречено движење на пешаците.
- Одвојување на атмосферската и фекалната канализација.

## • УЗ Цветан Димов •

- Асфалтирање и реконструкција на улиците (ул. Балзакова, Марко Цепенков, Јордан Филиповски, ул. 553, Балканска) како и реконструкција на тротоарите.
- Обележување на пешачки премини и поставување на лежечки полицајци околу ООУ Партенија Зогравски и градинката Мимоза.
- Поврзување на ул. Дренак и ул. Невена Георгиева Дуња со градско парно.
- Субвенција за поставување на нови енергетско ефикасни фасади за зградите на ул. Дренак и Емил Зола кои се постари од 25 год.
- Изградба на монтажна катна гаража позади зградата „Пегла“.
- Проширување на трим патеката покрај пругата со трака за велосипеди.
- Поставување на фитнес опрема за вежбање и зазелување со дрва позади Адора.
- Поставување на нова урбана опрема и замена на дотраената во ООУ „Партенија Зогравски” и ОУРЦ „Др Златан Сремец“.
- Воведување на комуналната инспекција заради превенција од уништување на јавната опрема, создавање на диви депонии и сообраќајниот хаос.
- Измена на сообраќајниот режим во еднонасочна улица на ул. “Доситеј Обрадовиќ”.
- Изградба на детско игралиште и простор за рекреација позади зградата „Пегла“.
- Обнова на кошаркарското игралиште во ОУРЦ „Др Златан Сремец“.
- Поставување на нови огради и заштитни мрежи на игралиштата за деца.
- Санација на старите водоводни цевки.
- Поставување нова урбана опрема во парковите.
- Редовно отстранување на хаварисани возила.

## • УЗ Кисела Вода •

- Поставување осветлување по цела должина на Ул. Мариовска до Теферич.
- Санирање на ул. Марко Орешковиќ со сите нејзини краци.
- Санирање на ул. Димо Хаџи Димов.
- Реконструкција на ул. Франк Харкорт Манинг при приклучувањето со Христо Татарчев, и изведба на атмосферска канализација.
- Одржување и сечење на диви грмушки по ул. Козјак.
- Осветлување со лед штедливо светилки во сите улици.
- Хортикултурно уредување на зеленилото на ул. Козјак.
- Изградба на кошаркарско игралиште и поставување на клупи и масички на просторот меѓу зградите на ул. Козјак.
- Планска урбанизација на населбата.
- Поставување на катни монтажни гаражи.
- Одржување на зеленилото и хигиената во населбата.
- Редовно отстранување на хаварисани возила.

## • Бирарија •

- Поставување на лед осветлување на улица Томе Арсовски со крак 447.
- Поставување на нови типски енергетско ефикасни фасади на старите згради од двете страни на улицата Томе Арсовски и субвенционирање на кровни површини и прозорци.
- Нови енергетско ефикасни фасади на старите згради бр. 20, 22, 24 и 26 на ул Антон Попов.
- Осветлување со лед светилки на улица Боро Камчевски.
- Асфалтирање околу зграда 2 на ул. Димо Хаџидимов кај Шампионче и изведба на детско игралиште со урбана опрема.
- Нова фасада на зграда 2 на ул. Димо Хаџидимов кај Шампионче и субвенции за нов лифт.
- Изградба на повеќенаменско игралиште во склоп на ОУ „Кузман Јосифовски Питу“ достапно за сите граѓани и монтажна катна гаража позади истото.
- Поврзување на објектите на градско парно.
- Одвојување на атмосферска со фекална канализација.
- Редовно отстранување на хаварисани возила.

## • 11 Октомври •

- Поврзување со општина Аеродром со продолжување на улицата Народни Херои (во соработка со Град Скопје).
- Проширување на трим патеката покрај пругата со посебна трака за велосипеди.
- Реконструкција на улицата Михаил Чаков.
- Реконструлција на улицата Ѓорѓи Сугаре.
- Реконструкција на тротоарите.
- Поставување на канти за ѕебен отпад.
- Зазеленување и одржување на парковите.
- Изградба на паркинзи.
- Изградба на монтажни катни гаражи.
- Реконструкција на улицита Архитект Никола Добровиќ.
- Реконструкција на улицата Пушкинова.
- Субвенционирање на термоизолациони фасади на старите згради.
- Санација на паркингот пред Општината.
- Редовно чистење и миење на улиците и тротоарите.
- Одржување на детските игралишта.
- Поставување на клупи долж трим стазата.
- Зголемување на уличното осветлување по трим стазата.
- Редовно отстранување на хаварисани возила.
- Асфалтирање, хортикултурно уредување детско катче на Крак 699 на ул. Киро Гулапчев.
- Асфалтирање на ул. Лазар Димитров, Кумановска, Браќа Грим, Добромир Хрс, Димитар Мирачиев и Евтим Спространов.
- Проширување на трим патеката со трака за велосипеди.
- Редовно отстранување на хаварисани возила.
- Хортикултурно уредување на општинско земјиште и негово одржување со паметно полевање.
- Редовно собирање на сметот.
- Систем на еднонасочни улици.

## • Расадник •

- Редовно отстранување на хаварисани возила.
- Редовно собирање на смет.
- Катна гаража кај постоечкиот паркинг на ул. Христо Татарчев (ул. 1511) со цел зголемување на капацитетот на паркирани возила.
- Дислокација на контејнерите поставени на тротоар или улица.
- Изградба на катна гаража на постоечкиот паркинг на аголот кај ул. Христо Татарчев и ул. Анте Поповски.
- Хортикултурно уредување на општинско земјиште и негово одржување.
- Безбедносна ограда на влезот на ОУ Круме Кепески и поставување на семафор со копче.

## • Црниче •

- Хортикултурно уредување на општинско земјиште и негово одржување.
- Редовно собирање на смет.
- Редовно отстранување на хаварисани возила.
- Изградба на атмосферска канализација.
- Преиспитување на дозволите за градбата на ул. Чедомир Кантарџиев.
- Мерна станица за квалитет на воздух.
- Решавање на проблемот со непрописно паркираните полициски возила со изградба на катна гаража во состав на станицата.
- Замена на постојаното осветлувањ со лед светилки.
- Еднонасочен сообраќај на ул. Чедомир Кантарџиев и ул Партение Зогравски.
- Обнова на застареното улично осветлување на ул. Христо Узунов, Церска и Серска.
- Реновирање на игралиштето за деца на Партение Зографски и реновирање на црковниот објект видиковец.
- Реновирање и осветливање на скалите кај ул. Павел Шатев.
- Реновирање на скалите спрема Наум Охридски и поставување улично осветлување
- Зголемување на фрекфенцијата на автобуската линија 16.
- Пренамена на празните парцели на аголот на ул. Востаничка и ул. Eниџе Вардарско во привремени паркиралишта покриени со павер елементи.
- Асфалтирање на улиците Црниче и Банско.
- Поставување на павер елементи на крајот од Банско према куќите кои немаат патен пристап, како и реконструкција и осветлување на скалите накај ул. Полог.

## • Пржино •

- Нова автобуска линија од Пржино во соработка со Град Скопје.
- Изградба на атмосферска канализација.
- Паркинг на ул. Кавалска.
- Реновирање и проширување на игралиштето на ул. Кавалска.
- Изградба на парк за миленичиња на ул. Кавалска.
- Тротоари на ул. Милан Мијалковиќ.
- Катна гаража кај ЗУР маркетот и поплочување со павер елементи на сите паркинг површини.

## • Пржино •

- Реновирање на пешака патека и осветлување на ул. Црниче.
- Асфалтирање, осветлување и поставување канализациска мрежа на ул. Марко Орешкович
- Одржување и санација на каналот од Водно.
- Редовно отстранување на хаварисани возила.
- Хортикултурно удерување на општинско земјиште и негово одржување со паметно полевање.
- Редовно собирање на смет.
- Редовно отстранување на хаварисани возила.

## • Пинтија •

- Изградба на деловно – трговски центар со маркети за широка потрошувачка, банки, пошта.
- Отстранување на линданот од Охис.
- Асфалтирање на краците на ул. Саса 22, 24, 26.
- Асфалтирање на ул. Саса 2 крак 1513
- Асфалтирање на крак 1515
- Санирање на дупки на ул. Саса 18.
- Заживување и оплеменување на просторот околу манастирот „Св Еремија".
- Поставување на лед светилки на сите улици.
- Менување на дотрајана и изведба на нова водоводна и канализациска мрежа.

## • Припор •

- Изградба на фекална канализација.
- Обновување на улиците со нов асфалт.
- Помош при легализација на објекти.
- Осветлување на сите улици со лед светилки.
- Чистење на улиците од снег.

## • Драчево •

- Изградба на пензионерски дом.
- Изградба на паркинг кај гробиштата во Драчево.
- Поставување на атмосферска и фекална канализација на ул. Герника 10.
- Реконструкција на улицата Герника 4 и Герника 6.
- Наоѓање на нова локација за контејнерите кај паркот и поставување повеќе контејнери во близина.
- Поставување на нови контејнери во село Драчево.
- Поставување на чешми за вода за пиење.
- Враќање на спортската сала, кај стара последна 41, под надлежност на општина Кисела Вода.
- Субвенционирање на фасадите на старите згради во населба Драчево кај ССК и кај ул. Бранко Заревски.
- Поставување на редари во парковите.
- Рекострукција на ул. Румена Хаџипанзова со редовно чистење и оддржување на каналот.
- Поставување на фитнес опрема во парковите за вежбање.
- Изградба на скејт парк.
- Отворено кино во паркот.
- Изградба на "zip line" на Три Круши.
- Изградба на патека за велосипедисти на Три Круши низ шумата према Пеленица.

## • Драчево •

- Изградба на стационар за бездомни животни.
- Изградба на затворен базен на влез во Драчево.
- Зголемување на фондот на книги во библиотеката и опремување на истата со дигитални уреди.
- Изградба на парк за домашни миленици.
- Бесплатни курсеви за родителство за млади брачни парови.
- Co-working простории – можност да работиш онлајн.
- Бесплатни курсеви и работилници за основни дигитални вештини за невработени млади од Драчево.
- Организирање на технолошки саеми и работилници.
- Поставување на легнати полицајци на ул. Драчевска, на ул Иван Хаџиниколов, пред ОУ Рајко Жинзифов, кај градинката "8 Март", кај пожарната станица и кај паркот на Бранители.

## • Усје •

- Урбанизирање на населбата.
- Лед штедливо осветлување на сите улици и нивни краци.
- Легализација на објекти.
- Тротоари по главната ул. Борис Трајковски 20.
- Чистење и одржување на Усјанскиот канал, како и негово покривање.
- Обнова, проширување, одржување и осветлување на игралиштето во селото.
- Санирање на главниот пат и неговите краци.
- Асфалтирање на патниот крак спроти црквата.
- Одржување, заживување и осветлување на игралиштето кај крстот, како и на пристапниот пат.
- Асфалтирање на сите споредни краци на ул.4 и на ул. 3.
- Промена на дотрајана водоводна и канализациона мрежа.
- Секојдневно одржување на хигиената со чистење и миење на улиците.
- Поставување мерна станица за квалитет на воздух.

## • Каменик/Стаклара •

- Асфалтирање на пат бр. 1519 од Борис Трајковски и поставување на пешачка патека.
- Асфалтирање на сите краци.
- Менување на дотрајана водоводна и канализациска мрежа и изградба на нова.
- Осветлување со лед штедливи светилки.
- Изведба на детско игралиште.
- Редовно одржување хигиена.

## • Градинар •

- Асфалтирање на ул. Борис Трајковски 7.
- Асфалтирање на Кракот покрај каналот.
- Чистење и покривање на каналот.
- Реконструкција на сите краци на ул. Борис Трајковски.
- Изградба на канализација.
- Изградба на детско игралиште.
- Лед штедливо осветлување на сите улици.

# ЛЕВИЦА

## ЗА КИСЕЛА ВОДА

# 6

# ЛЕВИЦА

## ЗА КИСЕЛА ВОДА

# 6

levica.mk
@levica_mk
@levica_partija
PartijaLevica
@levica.mk
@levica_partija